Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Педесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 26 март 2021 година

Скопје, март 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 26 март 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 19:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана.

На седницата учествуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- Конкурс за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2021/2022 година во Република Северна Македонија

1. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2021 година

2. Предлог-одлука за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во прва година во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

5. Предлог на закон за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк

6. Информација за потребата од имплементација на втора фаза на проектот „Оддржлив и инклузивен рамномерен регионален развој", кој ќе се спроведува со поддршка на Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од Амбасадат на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска Агенција за развој и соработка (СДЦ)

7. Информација со статус на реализација на економски мерки за справување со КОВИД-19

*

*     *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- Конкурс за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2021/2022 година во Република Северна Македонија

Владата се информираше со Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2021/2022 година во Република Северна Македонија.

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2021 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2020/2021 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 3**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 4**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за коронавирусот КОВИД-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 17 март 2021 година до 23 март 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 5**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за прогласување на дел од Шар Планина за Национален парк го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од имплементација на втора фаза на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“, кој ќе се спроведува со поддршка на Владата на Швајцарската конфедерација, претставувана од Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија/Швајцарска Агенција за развој и соработка (СДЦ), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за локална самоуправа да ги предвиди средствата за кофинансирање на втората фаза на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“ во својот буџет, Програма за рамномерен регионален развој и тоа во 2022 година - 800.000 CHF, во 2023 година - 800.000 CHF и во 2024 година - 400.000 CHF.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата со статус на реализација на економски мерки за справување со КОВИД-19, со Извештај, како материјал за информирање.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 20:30 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |